Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-319/1
Датум: 05-06-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 319/1 од 20.03.2024 година, поднесена од од Скопје, со адреса на ул. бр. за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на пристап до добра и услуги против Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.05.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа возраст во областа на пристап до добра и услуги од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија кон .

**Образложение**

На 20.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка со архивски број 08 – 319/1 од страна на за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на пристап до добра и услуги против Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителот наведува дека на 01.03.2024 година бил на информативен разговор во Агенцијата за вработување, во врска со грантот за „старт ап бизниси". Во однос на грантот појаснува дека истиот е со вредност од 6000 евра, а добитниците ги обврзува во првите две години да плаќаат придонеси на државата и да работат, додека по истекот на тие две години немаат обврска да го одржуваат бизнисот. Пријавувањето по огласот за грантот траело од 01.03.2024 до 08.03.2024 година. Подносителот информира дека на 08.03.2024 година бил во Агнцијата за вработување за да аплицира за грантот. Меѓутоа, бил одбиен да аплицира со образложение дека не ги исполнува условите за интерниот конкурс поради неговата возраст. Му било појаснето дека условите се апликантките да бидат до 58 години, а за апликантите до 60 години. Според подносителот тоа е предизборна манипулација, со цел на конкурсот да бидат избрани луѓе кои се поддржувачи на актуелната власт. Дополнително, подносителот тврди дека не му било дозволено да поднесе апликација, ниту му бил издаден писмен документ со образложение на причините поради кои бил одбиен. По обидот за аплицирање на конкурсот, подносителот наведува дека му било кажано да го напушти објектот и доколку не го стори тоа дека ќе повикаат обезбедување. Воедно, подносителот наведува дека сличен конкурс имало во 2022 година, на кој успешно аплицирал, но не бил избран. На конкурсот од 2022 година

немало никакво ограничување по однос на возраста на апликантите. Подносителот истакнува дека потребно било Агенцијата за вработување да му издаде решение со кое ќе му ги образложи причините поради кои не му било дозволено да аплицира на конкурсот.

На 28.03.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 319/2 до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, со барање на следните информации:

- Зошто Агенцијата за вработување одбила да ја прими апликацијата на подносителот? и
- Поради која причина е поставен условот – возраст во конкрениот оглас?

На 13.05.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше примен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 319/3 од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Со поднесокот се појаснува дека Агенцијата за вработување е надлежна за спроведување на активните програми и мерки за вработување содржани во годишните Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, кои ги усвојува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за труд и социјална политика. Во рамки на Оперативниот план, на годишно ниво се утврдуваат активните програми и мерки за вработување кои се имплементираат во текот на годината. Во поднесокот се појаснува дека на ниво на секоја поединечна мерка се дефинирани: цел на мерката, опфат (број на учесници), целни групи, вид и висина на поддршка, учесници во имплементација, односно целни групи итн. Програмите и мерките за вработување се донесуваат врз основа на претходна анализа на потребите на пазарот на трудот и резултатите од имплементацијата на истите во изминатите години, како и во консултации со други релевантни институции, меѓу кои и Агенцијата за вработување. При утврдување на поединечните мерки и програми за вработување се земаат предвид специфичностите и потребите на поединечните целни групи и целта која треба да се постигне со конкретната активна мерка. Појаснуваат дека при тој процес се зема предвид целисходноста за трошењето на ограничениот буџет за спроведување на Оперативниот план и соодветно таргетирање на целните групи кои се учесници во активните програми и мерки за вработување. Оттука појаснуваат дека во рамки на Опретивниот план, за сите активни мерки одделно таргетирани се конкретни целни групи, и тоа, земајќи ги предвид различните карактеристики кои ја дефинираат таквата целна група (долгорочно невработени лица, млади лица до 29 години, жени, Роми, корисници на гарантирана минимална помош итн.) На ниво на секоја поединечна активна мерка се дефинираат критериуми и услови кои треба да ги исполнат невработените лица за да учествуваат во истата, и како пример наведуваат: возраст, да имаат завршено средно образование или пак

високо образование, определено предзнаење во областа и сл. Наведеното е образложено во насока на бараната информација од Комисијата, зошто подносителот на претставката бил одбиен да учествува во мерката. Се појаснува дека право на учество имаат сите невработени лица кои се наведени во Оперативниот план, а врз основа на тоа и во јавниот повик. Критериумите за учество за сите активни мерки се ставени во системот на АВРСМ и истите се користат при аплицирањето. Па врз основа на тоа, доколку лицата, односно работодавачите не ги исполнуваат аплицирањето не може да се оствари. Таргетирањето и дефинирањето на поединечните активни мерки и целните групи во рамки на оперативниот план (водејќи сметка за висината на буџетот, целта која треба да се постигне, наменско користење на средствата, карактеристиките на поединечните целни групи итн.) во поднесокот истакнуваат дека е неопходно и потребно, а дека истото е пракса и во останатите држави. Понатаму се појаснува во однос на конкретната активна мерка „Самовработување (претприемништво)", согласно дефинираното во Оперативниот план истакнуваат дека се работи за мерка која има за цел поддшка за невработените да започнат или да формализираат сопствен бизнис. Целни групи во однос на оваа мерка биле дефинирани:

- Невработени млади лица до 29 години;
- Невработени лица со попреченост;
- Невработени лица – мажи до 60 години и жени до 58 години;
- Жени – жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство;
- Невработени лица кои сакаат да го формализираат својот бизнис (мажи до 60 години и жени до 58 години);
- Невработени лица Роми (мажи до 60 години и жени до 58 години) и
- Невработени лица повратници.

Во поднесокот се појаснува дека активните програми и мерки за вработување се утврдуваат на годишно ниво и во таа смисла предлозите, забелешките и сугестиите во однос на дефинирањето и таргетирањето на самите активни мерки се доставуваат до Министерството за труд и социјална политика, со цел анализа и земање предвид при идно предлагање на нови мерки или редефинирање на постоечките. Во однос на условот возраст се појаснува дека како критериум е воведен од 2022 година и дека истиот е внесен во Оперативниот план за 2022, 2023 и 2024 година. Истиот е воведен врз основа на анализа и искуствата од претходните години во кои тој критериум не бил воведен. Појаснуваат дека во минатото се случувало лицата кои се корисници на мерката да ги прекршуваат одредбите од договорот во однос на предвремен прекин на работниот однос и затварање на правниот субјект, во некои случаи дури и по неколку месеци, а заради остварување на правото на пензија. Од аспект на надлежноста на Агенцијата за вработување, во поднесокот се укажува на тоа дека конкретниот Јавен повик бил објавен врз основа и во согласност со утврденото со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година (усвоен од Владата на РСМ). Од тие причини за подетални информации во

однос на воведување на критериумот – возраст упатуваат до надлежното Министерство за труд и социјална политика.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителот на претставката создал презумпција на дискриминација со посочување на мерката „Самовработување (претприемништво)" и ефектот што го предизвикува оваа мерка кон повозрасните лица. Конкретно, подносителот докажал дека мерката делува исклучувачки врз основа на возраст, со тоа што предвидува дека апликанти за користење на мерката не можат да бидат лица над 60 години (мажи) и над 58 години (жени). Врз основа на тоа, а во согласност со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување беше префрлен врз Агенцијата за вработување на РСМ. Со изнесените аргументи во поднесокот за произнесување, посочениот дискриминатор ја поби претпоставката за дискриминација со тоа што ја објасни пропорционалноста на мерката и ја оправда нејзината објективност, односно легитимната цел на истата. Имено, конкретната мерка произлегува од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, во кој се содржани програмите, мерките и услугите за вработување, кои имаат за цел креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, особено младите невработени лица до 29 години, долгорочно невработените и корисниците на гарантирана минимална помош. „Поддршка за самовработување (претприемништво)" како мерка има за цел поддршка за невработените да започнат или да формализираат сопствен бизнис. Истата е однапред дефинирана и предвидена во годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, како и однапред насочена кон конкретни целни групи или корисници заради нивно интегрирање во пазарот на трудот и поттикнување на вработеноста кај тие групи. Со увид во Оперативниот план се потврдија тврдењета изнесени во поднесокот за произнесување во однос на однапред дефинирање на сите аспекти на мерките, врз основа на претходна анализа на потребите на пазарот на трудот и резултатите од имплементацијата на истите во изминатите години, што упатува на соодветност на мерката. Комисијата го зема предвид и аргументот со кој се тврди дека при утврдување на поединечните мерки и програми за вработување се земаат предвид специфичностите и потребите на поединечните целни групи и целта која треба да се постигне со конкретната активна мерка. Тоа упатува на неопходност, критериумот возраст да биде поставен во огласот за аплицирање за мерката, имајќи предвид дека примарна целна група се младите невработени лица, а потоа останати групи за кои се потврдило дека се помалку вклучени на пазарот на трудот. Во комбинација со останатите аргументи се зема предвид и аргументот за целисходноста при трошење на ограничениот буџет предвиден за спроведување на Оперативниот план и со тоа соодветно таргетирање на целните групи кои се учесници во активните програми и мерки за вработување. Поради наведеното Комисијата констатира дека предвидувањето на возраста како критериум во „поддршка за самовработување (претприемништво)" е оправдано и поради тоа во конкретниот случај не утврди дискриминација.

**Индиректна дискриминација согласно член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица,* ***освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.***"

**Легитимна и објективно оправдана цел согласно член 4, став 1, точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат.*"

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа возраст во областа на пристап до добра и услуги од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија кон

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Лимко Бејзаровски

Доставено до:

-
- Агенција за вработување на РСМ со седиште на ул. „Васил Ѓоргов" бр. 43, 1000 Скопје